


ПОВЕЌЕДИМЕНЗИОНАЛНИТЕ

# ПРИДОБИВКИ И ЕФЕКТИ

## ОД ПРИСТАПУВАЊЕ КОН НАТО

Институт за европска политика. Скопје

Република Македонија
Министерство за одбрана

ПОВЕЌЕДИМЕНЗИОНАЛНИТЕ

# ПРИДОБИВКИ И ЕФЕКТИ

ОД ПРИСТАПУВАЊЕТО КОН НАТО

Повеќедимензионалните придобивки и ефекти од пристапување кон НАТО

---

ИЗДАВАЧ:
**ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА - СКОПЈЕ**

---

УРЕДНИЦИ:
**м-р ИСМАИЛ КАМБЕРИ**
**ДАРКО МАЛИНОВСКИ**

---

АВТОР:
**м-р ТИМУРЛЕНК ЧЕКОВИЌ**

---

ЛЕКТОР:
**ДЕЈАН ВАСИЛЕВСКИ**

---

ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН И ПЕЧАТЕЊЕ:
**РЕЛАТИВ**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

341.171.071.51(100-622НАТО:497.7):355.45.071.2 (497.7)(047.31)

ЧЕКОВИЌ, Тимурленк
Повеќедимензионалните придобивки и ефекти од пристапување кон НАТО / [автор Тимурленк Чековиќ]. - Скопје : Институт за европска политика, 2018. - 29 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 27-29

ISBN 978-608-4702-37-5

а) Македонија - Зачленување - НАТО - Национална безбедност - Истражувања
COBISS.MK-ID 109271562

Ова истражување е објавено во рамките на проектот Граѓанска дебата за НАТО, кој го спроведува Институтот за европска политика - Скопје, со финансиска поддршка од Министерството за одбрана на Република Македонија. Ставовите изнесени во истражувањето се ставови на авторот и не ги одразуваат ставовите на Институтот за европска политика - Скопје и Министерството за одбрана на Република Македонија.

# СОДРЖИНА

1. Вовед....................................................5
1.1. Опис на проблемот....................................................5
1.2. Истражувачки хипотези....................................................6
1.3. Методи за собирање и анализа на податоци....................................................7
1.4. Структура и содржина на трудот....................................................7

2. Мултидимензионалниот пристап на НАТО....................................................8
2.1. Односите НАТО-Русија....................................................8
2.2. Република Македонија и НАТО....................................................9

3. Воени, безбедносни и економски придобивки од стапување во НАТО....................................................12
3.1. Информациски размени, технологии и кибербезбедност: НАТО-стандарди и системите за споделување и размена на информации и технологија....................................................12
3.2. Воздушен простор: НАТО и подобрувањето на контролата на воздушниот простор на Република Македонија....................................................14
3.3. Управување со кризи: Минати искуства, стандарди на НАТО и очекувани придобивки во поглед на управување со кризи....................................................15

4. Глобален индекс на мирот:
Подобрување на (севкупната слика за) безбедноста на земјата....................................................18

5. Потенцијални ризици од безбедносен и геостратешки аспект....................................................22
5.1. Стабилност на границите: Косовското безбедносно прашање и членството во НАТО.....22
5.2. Развој на миграцијата:
„Мигрантската криза“ и нејзините последици за Република Македонија....................................................24

6. Заклучок....................................................26

ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....................................................27

# 1. Вовед

Ова истражување има цел да ги утврди политичките и безбедносните придобивки на Република Македонија од нејзиното пристапување во НАТО. Следствено, овој труд се осврнува на процесите на пристапувањето во НАТО и предизвиците со кои се соочува земјата на внатрешен план и отпорот што го има на надворешен план.

Во овој контекст, фокусот е на разработка на повеќедимензионалните предности од членството во НАТО во врска со (1) безбедноста на границите и заштита на интегритетот и суверенитетот на Република Македонија; (2) главниот аргумент е дека ГПИ[1] – Глобалниот мировен индекс на Р. Македонија ќе се подобри, ќе дојде до намалување на меѓуетничките тензии и ќе има поголема кохезија помеѓу граѓаните; односно утврдува дека (3) зголемената соработка со структурите на НАТО може да доведе до подобро управување за време на кризни состојби, несреќи и спасување, (4) подобрена кибербезбедност, како и (5) лоцирање на негативните ефекти од пристапување во овој сојуз и проблемите што можат да се јават во геополитичката констелација во современите сојузи и дава препораки (6) како нашата земја може да ги одбегне тие негативни компликации. Преку процес на тестирање на конкурентните хипотези, каде што критички се разгледуваат кризните ситуации што можат да произлезат и од стапувањето во НАТО и од останувањето надвор од овој воен сојуз, овој труд заклучува (7) дека сè поизвесно е да се појават дестабилизирачки сили доколку останеме надвор од овој сојуз.

Како вовед во истражувањето, овој труд дава краток опис на истражуваниот проблем и контекстот за истражувањето, поставени се истражувачки хипотези и краток преглед на методите за собирање и анализа на податоци. Воведот завршува со краток преглед на содржината на трудот.

## 1.1 Опис на проблемот

Во последната декада состојбата на глобалната безбедност е влошена[2], а бројот на вооружени конфликти е зголемен во значителна мера[3]. Република Македонија (Македонија) се наоѓа на стратешки пресек помеѓу големите сили, а нејзината стратешка поставеност може да биде нејзина предност или закана од можни идни безбедносни ризици. Сè уште претстојат предизвици во регионот, како што е комплексниот систем на владеење во Босна и Херцеговина, чувствителните односи меѓу Косово и Србија, како и спорот со името на Македонија.

1 Глобалниот индекс на мирот ја мери релативната позиција на миројубивоста на државите и регионите. ГПИ е рангирање на 163 држави и територии според нивното ниво на мир. ГПИ е извештај изработен од Институтот за економија и мир и се развива во консултација со меѓународниот панел на експерти за мирот од мировните институти и податоци собрани од страна на Единицата за истражување на „Економист“. Индексот прв пат беше лансиран во мај 2007 година, а последователните извештаи се објавуваат на годишно ниво. GLOBAL PEACE INDEX. 2018. http://visionofhumanity.org/app/uploads/2018/06/Global-Peace-Index-2018-2.pdf.

2 Помеѓу другите импликации, важни се и оние од воените дејства и кризи што се случуваат на Блискиот Исток и Африка (Сирија, Либија и Египет), војната во Украина и кризата во Молдавија и Грузија, како и таканаречената „мигрантската криза“ и појавата на Исламската држава (ИСИС). Особено е зачудувачко што во Европа, северна Африка, Азија и Северна Америка се бележи влошување на глобалниот мировен индекс од 2008 година наваму. Европа, најмирниот регион во светот, забележа влошување трета година по ред. Се влоши во сите три домени на ГПИ и единаесет индикатори, особено врз интензитетот на внатрешен конфликт и односите со соседните земји. Global Peace Index 2018. *Measuring peace in a complex world: the 2018 Global Peace Index shows the world is less peaceful today than at any time in the last decade*. http://visionofhumanity.org/indexes/global-peace-index. Пристапено на 21.11.2018 година.

3 Sollenberg, M. and Melander, E., 'Patterns of organized violence, 2007-16', SIPRI Yearbook 2017, pp. 25-46; and chapter 2, section I, in this volume.

Истражувачкиот труд е особено наменет за да се поттикне дебатата за посигурни граници и безбедност, економски развој и поттик за идните истражувачи и подобро разбирање на состојбата каде се наоѓа Македонија во однос на НАТО. Трудот има цел да ги мапира безбедносните импликации во случај Македонија да не влезе во НАТО, односно да даде применливи препораки и насоки кон што да се насочи, за да бидат попристапни до граѓаните резултатите од ова истражување. Основната цел е да се постави аргумент за да се утврди односот меѓу верувањата и целта на чинителите[4]. *Глобалниот мировен индекс*[5] претставен во истражувањето има цел да ги покаже врските и корелацијата[6] на резултатите на безбедноста со држави што пристапуваат во НАТО-сојуз и како сето тоа може да влијае врз Р. Македонија. Подобрата инфраструктурна поставеност, подобрата воздушна безбедност, подобрените демократски принципи и принципи на владеење на правото, намалувањето на тензиите од надворешните и од внатрешните фактори, унифицираноста во вооружувањето и опремата, систематското учество во програмите, тренинзите и мисиите што ги обезбедува НАТО, пристапот до информатичката технологија, информациите и заштитените податоци, гаранциите што ги нуди сојузничкиот статус при влез во НАТО, помошта што ја нудат неговите структури наменети за кризни состојби во поглед на миграциите и несреќи настанати како последица од поплави, пожари и друго, тоа се дел од аргументите што се во прилог на пристап во НАТО. Ризиците од терористички напади, илегална миграција, руското мешање во Р. Македонија, прелевањето на Косовската криза, необезбедувањето на соодветна современа опрема, високата корупција и меѓународен криминал се потенцијални опасности што можат да се случат доколку Р. Македонија не влезе во НАТО.

Неопходно е сите тие предности да се претставаат пред граѓаните, да се потенцираат позитивните импликации, да се детектираат негативните согледувања и правилно да се адресираат. Воедно, фактите, препораките и резултатите од овој труд ќе можат да се искористат да се намалат ризиците во случај на невлегувањето во НАТО.

## 1.2 Истражувачки хипотези

Истражувањето има цел за да ги тестира следните хипотези:

>> Република Македонија се наоѓа на стратешки пресек помеѓу големите сили и нејзината стратешка поставеност може да биде нејзина предност, но и закана од можни идни безбедносни ризици.

>> Членството во НАТО може да обезбеди напредок и стандарди за управување со кризна и безбедносна состојба.

>> Неправилната и неквалитетна безбедност може да доведе до терористички закани, ширење болести и други безбедносни ризици.

>> Република Македонија е стратешка зона што е најмногу засегната од масовното преминување на мигрантите и бегалците од Сирија, Авганистан, Иран и од други кризни жаришта.

>> Со избор на соодветен сојуз и со избор на правилна методологија можат да се запазат конвенциите за човекови права и да бидат одбиени можните закани по безбедноста.

>> Преку процес на конкурентни хипотези, методологија на „зависноста од патот“ и негативниот историски дискурс што го имала нашата земја во минатото, како и негативните и очигледни последици што ги имаат другите држави, но попречени аспиранти за членство во сојузот на НАТО, кризните ситуации можат да произлезат од останувањето надвор од овој воен сојуз.

Сите хипотези беа потврдени преку податоците собирани и анализирани со истражувачки методи претставени подоле.

4 Murukannaiah, Pradeep K., Anup K. Kalia, Pankaj R. Telangy, and Munindar P. Singh. *"Resolving goal conflicts via argumentation-based analysis of competing hypotheses."* In 2015 IEEE 23rd International Requirements Engineering Conference (RE), pp. 156-165. IEEE, 2015.
5 Estes R. J. (2014) Global Peace Index. In: Michalos A.C. (eds) Encyclopedia of Quality of Life and Well-Being Research. Springer, Dordrecht.
6 Fischer, R. & Hanke, K. (2009) "Are Societal Values Linked to Global Peace and Conflict?", Peace and Conflict: Journal of Peace Psychology, 15:3, 227-248, DOI: 10.1080/10781910902993959.

## 1.3 Методи за собирање и анализа на податоци

Ова истражување е изработено со употреба на повеќе методи за собирање и анализа на примарни и секундарни податоци, за да се дојде до наоди засновани на докази. Спроведени беа повеќе интервјуа: со Армијата на Република Македонија, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Центарот за управување со кризи, Воената академија на Република Македонија „Михајло Апостолски“, Универзитетот „Острох“ – Украина, претставници на Граничната полиција, претставник на невладината организација „Легис“. Спроведени беа и две фокус-групи со претставници на граничната полиција во мешан етнички состав, и тоа една во Танушевци (05.10.2018 година, со шест полициски службеници – тројца Албанци и тројца Македонци) и една во Белановце (на 14.10.2018 година, со пет полициски службеника – тројца Албанци и двајца Македонци). Полициските службеници во ПС за ГН Танушевци беа од Скопје со просечен стаж на служба од над 15 години, додека полициските службеници од ПС за ГН Белановце беа со потекло од Куманово и околината со просечен стаж на активна служба од десет години. Сите службеници на овој или на оној начин учествувале во конфликтни безбедносни ситуации и добро се запознаени со некои импликации. За групите беше организиран прашалник составен од 13 прашања во поглед на безбедноста и пристапувањето во НАТО. Исто така, беа собирани и секундарни податоци од отворени веб-извори, постојна академска и сива литература, како и од достапните податоци и анализи што потекнуваат за Глобалниот мировен индекс.

## 1.4 Структура и содржина на трудот

Овај труд почнува со опис на проблемот и истражувачките хипотези. Во второто поглавје се објаснува мултидимензионалниот пристап на НАТО. Тука се укажува на геополитичките и етичките димензии со кои НАТО ги воспоставува своите врски со другиот свет. Посебен осврт во ова поглавје е даден врз односите на НАТО со Русија, за да се разберат предизвиците со кои се соочуваат новите потенцијални членки на Сојузот. Ова поглавје ги истражува и развојот на односите на Р. Македонија со НАТО. Во третото поглавје се говори за воени, безбедносни и економски придобивки од стапување во НАТО. Тука се разработени придобивките од НАТО со споделувањето информации и технологии, кибербезбедноста, како и стандардите на НАТО за споделување и размена на податоци. Во ова поглавје се потенцира предноста на чувањето на нашата територија со странски воздухоплови и потребата од усогласеност на системот за противвоздушна одбрана (ПВО) на Р. Македонија со НАТО. Управување со кризи и динамика на укажување помош при кризен менаџмент од страна на НАТО се очекувани придобивки според стекнатите досегашни искуства што се претставени на крајот од третото поглавје. Во четвртото поглавје е претставен глобалниот индекс на мирот – ГПИ како алатка и индикатор на безбедност потребен за подобрување на севкупната слика за безбедноста на земјата. Тука се направени и различните безбедносни процени и анализи, како и клучните наоди. Претпоследното поглавје истакнува кои се заканите на безбедноста по РМ во новото геополитичко опкружување, меѓу кои и од соседното Косово. Последното поглавје ја подвлекува важноста на регионалната соработка преку интегрираното гранично управување и последиците од мигрантската криза, како и безбедноста што ја нудат структурите на НАТО на Р. Македонија.

# 2. Мултидимензионалниот пристап на НАТО

Постои геополитичка и етичка димензија на пристапот на НАТО.[7] Геополитички гледано, НАТО е формиран по Втората светска војна со Декларацијата на заеднички принцип со познатата Атлантска повелба.[8] Тука е воспоставен и првиот етички пристап, односно кодексот за самоопределување и почитување на суверенитетот.[9] Тоа е организација што е формирана да спречи или да одврати од агресија.[10] За таа цел НАТО предвидува соработка на политички, економски и, пред сè, воен план.[11] На етички план, НАТО промовира демократски вредности, овозможувајќи им на земјите-членки да се консултираат и да соработуваат во поглед на прашањата поврзани со безбедноста, да се изгради заемна доверба и на долг рок, да се спречи воен судир. НАТО е посветено на мирно решавање на споровите, но ако дипломатските напори пропаднат, сојузот има воена моќ да преземе операции за управување со кризи. Таквите дејства се спроведуваат според клаузулата за колективна одбрана – член 5 од на основачкиот Варшавски договор[12] или под мандатот на Организацијата на Обединетите нации (ООН), сами или во соработка со други земји и меѓународни организации.[13] Но, учеството на НАТО во сите воени конфликти не е загарантирано, како што покажува примерот со Фолкландската војна[14] помеѓу Велика Британија и Аргентина.

НАТО исто така има трета димензија, што се состои од активности во полето на планирање на вонредни состојби од невоен карактер, помагајќи на сојузниците и партнерите во справување со природни непогоди и катастрофи, како и поттикнување соработка во полето на науката и животната средина. Хуманитарниот концепт на мисиите на НАТО и помагањето на загрозените подрачја стана реалност со воспоставувањето на Евроатлантскиот координативен центар за одговор при катастрофи (ЕАДРЦЦ).[15]

## 2.1 Односите НАТО-Русија

НАТО воспостави блиски врски со повеќето поранешни советски републики и продолжува да ја поддржува нивната политичка независност. Покрај тоа, НАТО ја покани за соработка и Русија, за да се обиде да ги ублажи грижите во врска со проширувањето на НАТО во нејзиното соседство. На 27.05.1997 година лидерите на земјите-членки на НАТО и Руската Федерација потпишаа основачки акт за заеднички односи и соработка на полето на безбедноста. Соработката во областите на заеднички безбедносен интерес, како што се меѓусебно намалување на воените ризици и соработката во антитерористичките операции, укажуваат на тоа дека НАТО не посакува конфликт со Русија.[16] Русија исто така ја прифати таа соработка и во 1998 година со нејзин предлог беше формиран ЕАДРЦЦ.[17]

---

7 Clarke, M. The Global NATO Debate, Politique étrangère, vol. hors série, no. 5, 2009, pp. 57-67.

8 Северноатлантски договор. 1949, стр. 425. https://www.nato.int/docu/handbook/2006/hb-ma-2006/Appendix2.pdf.

9 НАТО *прирачник*, 50-то издание, Office of Information press, NATO-1110 Brussels, Belgium, 1998, стр. 11.

10 Бакрески, О. *Координација на безбедносна заедница на Република Македонија.* Национална координација на РМ. Глава 2, Скопје, 2005, стр. 185.

11 Ибид.

12 Solana, J. 1999. *The Washington summit: A new NATO for the next century*. The International Spectator, 34:2, 37-42, DOI: 10.1080/03932729908456860.

13 Nato. https://www.nato.int/nato-welcome/index.html. Пристапено на 10.10.2018 година.

14 David K. W. The Christian Science Monitor. July 7, 1983. LONDON. Britain and NATO weigh lessons of Falklands war. https://www.csmonitor.com/1983/0707/070766.html. Пристапено на 15.10.2018 година.

15 Jochems, M. *NATO's growing humanitarian role*. https://www.nato.int/docu/review/2006/operation-old-new/growing_humanitarian_role/EN/index.htm.

16 Clinton, H. *Remarks on the Future of European Security*. U.S. Department of State, L'Ecole Militaire, Paris, France, January 29, 2010. https://2009-2017.state.gov/secretary/20092013clinton/rm/2010/01/136273.html.

17 Прирачник за НАТО, Public Diplomacy Division, Nato 1110 Brussels, Belgium, 2006.

Новата стратешка цел на НАТО треба да им одговори на поранешните членки на Варшавскиот договор и треба да ги заштити од евентуалните закани од страна на Русија. Тие земји инсистираат врз акцентирањето на руската опасност, а доколку тензиите со Русија кон 2000 година стагнирале, двете епизоди околу руско-украинските судири и анексијата на Крим, како и руско-грузискиот конфликт од август 2008 година, што резултираше со декларациите за независност на Абхазија, Осетија и Источна Украина и Крим, ги натераа државите од Централна и од Источна Европа повторно да ја потенцираат руската опасност.[18]

На самитот на НАТО во Букурешт во 2008 година, САД и некои други сојузници се залагаа за Грузија и Украина да станат членки, директно предизвикувајќи го интересот на Русија. Но, Франција и Германија го блокираа овој предлог за пристап, делумно поради тоа што беа загрижени за можната негативна реакција во Русија, а делумно поради тоа што се сомневаа во подготвеноста на овие држави за влез во НАТО и нивниот потенцијал за зајакнување на сојузот.[19] Окупацијата на Русија на Крим и последователното влошување на односите со НАТО повторно ја наметна задачата на колективната одбрана. Затоа што постои воен конфликт (хибридна војна) меѓу Русија и Украина, НАТО во догледно време нема да го одобри членството на Украина. Неодамна, Украина исто така се соочи со некои проблеми со Унгарија. Десничарската елита на земјата се обидува да ја блокира соработката меѓу Украина и НАТО, бидејќи тие ја обвинуваат Украина за „нарушување" на правата на унгарското население во областа Транскарпатија (додека Владата на Украина одбива да ги прифати овие тврдења).[20]

## 2.2 Република Македонија и НАТО

Република Македонија го потпиша Договорот за Партнерство за мир во 1995 година со НАТО, со што официјално стана дел од евроатлантските процеси.[21] Со приемот во Партнерството за мир,[22] Македонија го направи првиот чекор кон интеграција во структурите на НАТО. Критериумите за приклучување во НАТО во правна смисла се недвосмислено утврдени во член 10 од Северноатлантската спогодба[23], според кој поканетата држава мора да биде од европскиот континент и треба да биде способна да ги спроведува начелата од спогодбата и да придонесува кон безбедноста на северноатлантското подрачје.[24]

Во поглед на безбедносниот аспект и трошоците што во моментот ги има Министерството за одбрана, за интеграција во НАТО оваа година одвоени се вкупно 6,4 милијарди денари, што е за 15% зголемување од 2017 година, а со цел достигнување на проектираната вредност од 2% од БДП.[25] Во поглед на ставката „Интеграција во НАТО" ќе бидат потрошени 935 милиони денари, исто толку колку што се планирани пари и за унапредување на безбедноста.[26] Како највисок стратешки

---

18 Ружин, Н. *НАТО во современите меѓународни односи.* 2010, стр. 37.

19 Taylor, A. *That Time Ukraine Tried to Join NATO — and NATO Said No*, Washington Post, September 4, 2014, https://www.washingtonpost.com/news/worldviews/wp/2014/09/04/that-time-ukraine-tried-to-join-nato-and-nato-said-no/?utm_term=.e29d-b604ee64.

20 Интервју со проф. д-р Михајло Јакубович. Експерт во областа на Крим и кримските Татари, вонреден професор по религиозни студии, Националниот универзитет на академијата „Острох", Украина. Повеќе детали околу Крим и окупацијата на кримските Татари авторот дал во списанието: *The occupied legacy. Who should protect the cultural heritage of Crimea?*, in: Ukrainian Week, #9 (127) September 2018, pp. 48-49. Интервјуто е извршено на 07.10.2018 година.

21 Гоцевски, Тр. *Политичките и безбедносните услови во кои се формираше АРМ.* Современа македонска одбрана, 2012, стр. 20.

22 МОРМ. *Република Македонија и „Партнерство за мир".* http://morm.gov.mk/?page_id=5207&lang=mk. Пристапено на 30.10.2018 година.

23 Северноатлантски договор, 1949, стр. 425. https://www.nato.int/docu/handbook/2006/hb-ma-2006/Appendix2.pdf.

24 Бакревски, Ол. Придвижувањето на Република Македонија кон НАТО и потребата за координација на активностите на национално ниво. Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии – Скопје. 2004, Современа македонска одбрана, бр. 8. http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/2013/10/Sovremena-makedonska-odbrana-br_8.pdf.

25 Министерката Шекеринска го презентираше буџетот на одбраната – растат средствата за АРМ, се намалуваат непродуктивните расходи. http://morm.gov.mk/?mainnews=ministerkata-sekerinska-go-prezentirase-budzetot-na-odbranata-rastat-sredstvata-za-arm-se-namaluvaat-ne-produktivnite-rashodi&lang=mk. Пристапено на 06.10.2018 година.

26 Министерство за одбрана. Буџет за 2018 година. http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2018/01/Buxet-na-MO-za-2018-.pdf. Пристапено на 06.10.2018 година.

приоритет, членството во НАТО претставува клучен столб за долгорочната стабилност и просперитет на Македонија и на поширокиот регион. Со цел Македонија успешно да продолжи со зацртаните реформи во одбраната треба да ги зголеми своите финансиски и други обврски и да ја зајакне својата улога како придонесувач кон глобалната безбедност. Трошоците за одбраната на земјата постепено ќе растат според планот од Самитот во Велс 2014 година[27], со цел да се достигне заложбата за придонес од 2% од БДП.

Македонија во 2002 година почна да учествува во меѓународни мировни операции и досега учествуваше во шест меѓународни мировни операции,[28] од кои пет надвор од Македонија и една меѓународна операција на својата територија. Низ годините учеството во мировните операции постепено се зголемуваше согласно планираните ресурси и потребите на меѓународната заедница. Во периодот од 2002 до 2018 година околу 4.000 припадници на Армијата на Република Македонија (АРМ) учествуваа во овие меѓународни мировни операции.[29] Македонија претседава во Управната група за безбедносна соработка во Југоисточна Европа (SEEGROUP)[30] и Американско-јадранската повелба (А5)[31]. Исто така, Македонија е домаќин на Регионалниот центар за односи со јавноста (РЦОЈ/PARC)[32], а воедно домаќин е и на седиштето на Балканските медицински наменски сили.[33]

Најновото, но не и конечното проширување во Атлантскиот сојуз се очекува со влегување на Република Македонија во 2019 година, што е условено со спроведувањето на договорот од Преспа.[34][35] Доколку Македонија остане надвор од ЕУ и од НАТО, процесите постепено можат да доведат до изолација на земјата.[36] Во Стратегијата за одбрана[37] на Република Македонија недвосмислено се потенцира стратешката определба на државата за целосна политичка интеграција во структурите на НАТО. Во неа стои: „Македонија континуирано ќе дава придонес во меѓународните операции предводени од ООН, од НАТО и од ЕУ, како начин на промоција на мирот и нејзините безбедносни интереси. Политичките и воените одлуки за активно вклучување во операциите што ќе ги спроведуваат ООН, НАТО и ЕУ, но и другите коалициски партнери, воениот и политичкиот врв на државата ќе ги разгледуваат и ќе ги донесуваат од случај до случај".

Влезот во НАТО е клучен фактор што може да ги забрза евроинтегративните процеси, а со тоа и да го забрза финансискиот и демократскиот развој на нашата земја. Со исполнување на условите[38] како реформи во судството, во безбедносниот сектор, подобрување на меѓуетничките односи, модернизација на армијата и нејзина подготовка за вршење на мировни мисии, исполнување на стандардите на НАТО, како и решавањето на спорот со Грција можат да бидат клучни за побрз прием во НАТО. Од друга страна, понатамошното игнорирање на билатералниот спор може да доведе до состојба на анти-ЕУ и анти-НАТО расположение и оддалечување на Македонија од реализацијата

27 Wales Summit Declaration. 05 Sep. 2014. https://www.nato.int/cps/ic/natohq/official_texts_112964.htm.

28 ИСАФ, Слобода за Ирак, АЛТЕА, УНИФИЛ, КФОР и Одлучна поддршка.

29 Министерство за одбрана. *Учество на Република Македонија во мировни операции.* http://morm.gov.mk/?page_id=261&lang=mk. Пристапено на 24.10.2018 година.

30 *Регионална соработка во југоисточна Европа. Аналитика.* Скопје, 2009. https://www.analyticamk.org/files/ReportNo31Mak.pdf.

31 http://morm.gov.mk/?mainnews=zaednicka-izjava-od-konferencijata-na-mo-na-sad-jadranskata-povelba-skopje&lang=mk

32 *Македонскиот регионален центар за односи со јавност стана 25-ти НАТО центар.* 27 јуни 2013. https://kanal5.mk/articles/177586/makedonskiot-regionalen-centar-za-odnosi-so-javnost-stana-25-ti-nato-centar.

33 *Скопје седиште на Балкански медицински наменски сили.* МИА. 5 октомври 2016. https://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/281/133373867. Пристапено на 10.10.2018 година.

34 Влада на РМ. *Конечен договор за решавање на македонско-грчкиот спор за името и за стратешко партнерство.* https://vlada.mk/node/14958. Пристапено на 30 октомври 2018 година.

35 Доколку не се спроведе договорот од Преспа, генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, изречно наведе: „Единствената работа што можеме да ја направиме е да ги кажеме алтернативите – или ќе го прифатите договорот за името со Грција и ќе го имплементирате по што ќе станете членка на НАТО и на меѓународната заедница, или ќе го отфрлите договорот со што ќе останете надвор од НАТО и нема да бидете полноправна членка на меѓународната заедница". Извор: Интервјуто е дадено за телевизијата „Алсат М" во Брисел. https://www.alsat-m.tv/mk. 2 октомври 2018 година.

36 *За ЕУ и САД референдумот е избор меѓу иднина и изолација. Нова Македонија*, 23.08.2018. https://www.novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/за-еу-и-сад-референдумот-е-избор-меѓу-ид. Пристапено на 25.10.2018 година.

37 *Стратегија за одбрана на Република Македонија*, „Службен весник на Република Македонија", бр. 30 од 01.03.2010 година.

38 НАТО *ги испорача условите за членство на Македонија.* 20.08.2018. https://www.alsat-m.tv/mk/нато-ги-испорача-условите-за-членство. Пристапено на 20.08.2018 година.

на нејзините евроатлантски стратешки определби што не оди во прилог ниту на Македонија, ниту на САД и ЕУ, бидејќи отвора простор за зголемено руско влијание. Во тој контекст, одолжувањето на приклучувањето или неприклучување на Македонија кон НАТО може да се детерминира како индикатор што втората опција сѐ уште ја прави возможна, но за Македонија ризична поради можноста од соочување со така нареченото „украинско сценарио“.[39]

Голем е бројот и на НАТО-проекти што биле реализирани во изминатите години во Македонија. Еден од тие проекти е и проектот СИАРС.[40] Проектот е реализиран од Воената академија и академските институции како факултетите за електротехника и за медицина од Љубљана и ФИНКИ од скопскиот универзитет „Св. Кирил и Методиј“, а поддржан од програмата за наука и мир на НАТО. Неговата цел е развој на технологии за пренесување на виталните знаци за живот на војниците на бојното поле до медицинските тимови, во реално време.[41] Според проф. Југослав Ачковски, носител на овој проект од Македонија, постојат и други проекти што се реализираат на Воената академија. Но, овој проект е од значење, бидејќи по првпат Македонија придонесува со сопствен патент во НАТО, а можноста за спасување животи во екстремни околности покажува дека има што да ѝ понуди на алијансата на НАТО, како и дека може да соработува со земјите-членки на НАТО на исто ниво.

Во поглед на ова треба да се напомене дека граѓанскиот сектор може да дејствува како надгледувач на спроведувањето на стратегијата за прием на РМ во НАТО, бидејќи агенциите и службите вклучени во проектите на НАТО, и покрај нивните добри намери, можат да ги прекршат правилата и прописите. Еден од ефективните инструменти за справување со негативните настани во армијата е имплементација на пошироки концепти за граѓанска контрола над воените и други служби за спроведување на законот (полиција, УБК, разузнавачка служба итн.).[42] Зачувување на демократската и некоруптивна природа на воеността раководство треба да се надополни со такви политиките, како независен мониторинг на прашањата за човековите права, ефективна јавна контрола над воениот буџет, независна експертиза на официјални доктрини, јавен пристап до информации за можен криминал во армијата итн.

39 Чамински, Б.; Таневски, Н. *Глобални промени во геополитиката на енергетските ресурси, ризици и предизвици за Република Македонија*. Меѓународно научно списание. Декември 2015, Vol. 15, Современа македонска одбрана, Скопје.
40 Повеќе информации за проектот можат да се најдат на: http://www.ma.edu.mk/?page_id=1555 и http://siars-nato.finki.ukim.mk/.
41 Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Воена академија, 26.10.2017. http://www.ma.edu.mk/?vesti=успешно-реализирана-работилницата-3. Пристапено на 25.10.2018 година.
42 Strekal, Ol. *The civilian control over the armed forces*. Kyiv: Foundation for National Security Support, Fall 1996.

# 3. Воени, безбедносни и економски придобивки од стапување во НАТО

Во овој дел се разгледани три клучни придобивки од стапувањето во НАТО. Притоа, фокусот не е само на директните придобивки туку на индиректните придобивки. Разгледани се: ИТ и кибербезбедноста, контрола на воздушниот простор и управувањето со кризи.

## 3.1 Информациски размени, технологии и кибербезбедност: стандарди на НАТО и системите за споделување и размена на информации и технологија

Базирајќи се на лошите киберискуства со Русија, НАТО и ЕУ воспоставија соработка преку техничкиот аранжман за кибербезбедност, што беше потпишан во февруари 2016 година.[43] Во однос на заедничките предизвици, НАТО и ЕУ се за зајакнување на нивната соработка во областа на кибердбраната, особено во областите на размена на информации, обука, истражување и вежби.[44] Политиката на НАТО ги дефинира начините за продолжување на активностите за подигање на свеста, едукацијата, обуката и поттикнува понатамошен напредок во различни иницијативи за соработка, вклучувајќи ги и оние со земјите-партнери и меѓународни организации. Исто така, таа предвидува зголемување на соработката на НАТО со индустријата, вклучително и за размена на информации и размена на најдобри практики. Сојузниците, исто така, се залагаат за подобрување на размената на информации и заемната помош во спречувањето, ублажувањето и обновувањето од кибернападите. Политиката на НАТО за кибердбрана е надополнета со акциски план со конкретни цели и временски рамки за спроведување на голем број теми од развојот на способностите, образованието, обуката и вежбите и партнерствата. Сојузниците ветија на Самитот во Варшава во 2016 година да ја зајакнат и да ја подобрат кибердбраната на националните мрежи и инфраструктури, како приоритетни задачи.[45]

Заради подобро функционирање и размена на податоци во НАТО воспоставен е Ситуацискиот центар на НАТО (СИТЦЕН).[46] Тој е основан уште во 1968 година и оттогаш е преструктуиран да се приспособи на барањата на средината во која функционира. СИТЦЕН е дизајниран за алармирање и давање на ситуациска свест на Северноатлантскиот совет (НАЦ) и Воениот комитет (МЦ), за да им помогне да ги исполнат своите функции во време на мир, напнатост и криза, како и за време на вежби на високо ниво. Тоа го прави преку примање, размена и ширење на информации од сите можни внатрешни и надворешни извори што се достапни. Службата за поддршка на набљудувачкиот оддел обезбедува услуги за географски информации до седиштето на НАТО и дејствува како главна точка за геопросторните прашања во поддршка на високи носители на одлуки, работни групи и вежби.[47] Предноста што може да се добие од овие затворени извори на информации со кои располага НАТО, заедно со сателитски податоци, би дал прецизни и навремени информации до разни владини и

43 NATO. *Cyber defence*. Evolution. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_78170.htm Пристапено на 30.10.2018 година.
44 NATO *Summit Guide*, Brussels, 2018. https://www.nato.int/nato_static_fl2014/assets/pdf/pdf_2018_07/20180718_180711-summit-guide-brussels.pdf.
45 *Cyber defence*. NATO. 16 Jul. 2018. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_78170.htm. Пристапено на 11.10.2018 година.
46 *Situation Centre (SITCEN)*. NATO, 2015. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_57954.htm. & https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_57954.htm.
47 Ибид.

невладини служби. Преку користењето на апликациите и програмите на НАТО можат да се утврдат проблематичните подрачја или да се утврдат областите што се интересни подрачја за безбедносни истражувања. Притоа, може да се направи систематска процена и да се увиди значењето, односно предностите или негативностите за конкретен објект или план.

Заедничката разузнавачка служба е од витално значење за сите воени операции. Таа им дава на носителите на одлуки подобра ситуациска свест за она што се случува на теренот, во воздухот или во морето. Ова значи дека сојузниците работат заедно на собирање, анализа и споделување информации до постигнување на најдобар ефект.[48]

Контролата на лица и субјекти во интегриран НАТО-систем може да донесе пристап до огромен број разузнавачки и други важни податоци со кои ќе се превенира влез на голем број на сомнителни и опасни лица. Меѓу другото, постапувајќи по упатствата од Талин и од самитите во Чикаго и Варшава, примената на стратегија за кибербезбедност на НАТО, Македонија мора да усвои своја кибербезбедносна стратегија за да го заштити и да го одбрани својот киберпростор и да ја унапреди својата кибербезбедност.[49]

Само во периодот од јануари до октомври 2017 година македонските веб-локации биле цел на 328 кибернапади. Поради тоа, Министерството за одбрана и Владата најавија отворање на Академија за кибербезбедност.[50] Академијата ќе биде дел од постдипломските студии на Воената академија „Генерал Михајло Апостолски" – Скопје. На неа ќе можат да се запишат луѓе од бизнис-секторот, а ќе бидат стипендирани и лица од администрацијата и други служби.

Сето тоа се добри насоки по кои ќе се движи системот и ќе се примени стратешки концепт во кој ќе се препознае фактот дека кибернападите се сè пософистицирани и затоа дизајнирањето на ефективна киберодбрана е една од најприоритетните задачи и за НАТО и за нашата земја. Тоа ќе доведе до подобра превенцијата од тероризмот, заедничкото постапување на земјите-членки на НАТО поради одвраќање од агресија, зајакнување на државните институции и одговорот на државата кон кој било акт на кибертероризмот.

Македонија и во иднина ќе продолжи со напорите што придонесуваат за развојот и за одржувањето на заедничките способности на Алијансата, согласно своите можности и интереси. Во следниот период Владата на Р. Македонија ќе се залага за унапредување на соработката на Агенцијата за разузнавање, Управата за безбедност и контраразузнавање при МВР и Воената служба за безбедност и разузнавање во МО во функција на постигнување компатибилност со стандардите на НАТО и унапредување на нивната обука. Исто така, военото разузнавање ќе се преструктуира во насока на поддршка на меѓународните операции и мисии на нашите сили што ќе се остваруваат во составот на НАТО-силите.[51]

48 Ибид.
49 Славевски, Ст. *САЈБЕР-БЕЗБЕДНОСТ*. Министерство за одбрана. http://morm.gov.mk/?shtit=%D1%81%D0%B0%D1%98%D0%B1%D0%B5%D1%80-%D0%B1%D0%B5%D0%B7%D0%B1%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82&lang=mk. Пристапено на 25.10.2018 година.
50 *Македонија ќе добие Академија за сајбер безбедност*. Иновативност.мк. https://inovativnost.mk/2017/11/17/македонија-ќе-добие-академија-за-сајб/. Пристапено на 25.10.2018 година.
51 Ибид.

## 3.2 Воздушен простор:

### НАТО и подобрувањето на контролата на воздушниот простор на Република Македонија

Воздушната одбрана за НАТО претставува мировна мисија, што има цел да ја зачува безбедноста на воздушниот простор на Алијансата. Тоа е колективна задача и вклучува континуирано присуство – 24 часа на ден, 365 дена во годината – на борбени авиони и екипажи, кои се подготвени брзо да реагираат на прекршувањата на воздушниот простор.[52] НАТО има околу 60 авиони редовно на тревога за да го одбрани својот воздушен простор. Во моментов, секоја земја го брани својот сопствен воздушен простор, иако други членки помагаат во одбраната на воздушниот простор на балтичките и на балканските држави, кои немаат доволно борбени авиони.[53] Според искуството со Црна Гора и Албанија, се очекува и Македонија да ја чуваат грчки и италијански авиони. Со оглед на фактот дека Црна Гора нема борбени авиони, сојузниците ќе ѝ помогнат да го обезбеди нејзиниот воздушен простор.[54] Друга можност за обезбедување на воздушниот простор на Македонија ќе се отвори со новата воздухопловна база на НАТО во Албанија, што ќе биде снабдена со авиони на НАТО. Според премиерот на Албанија, Еди Рама, НАТО ќе вложи повеќе од 50 милиони евра во првата фаза од овој проект за модернизација на воздухопловната база во Кучова, што се наоѓа 80 километри јужно од албанската престолнина Тирана.[55]

Како што системот за контрола на летови и управување треба да биде интегриран според стандардите на НАТО, така и системот за противвоздушна одбрана (ПВО) во нашата држава треба да биде компатибилен со стандардите на НАТО. Тој ќе биде дел од Интегрираниот НАТО-систем за ПВО, со што ќе се зајакне противвоздушната компонента на нашиот систем за национална одбрана, како и ПВО на земјите-членки на НАТО во регионот на Југоисточна Европа и пошироко, во европскиот безбедносен простор.[56]

Освен компатибилност во воена терминологија за одбрана на нашиот воздушен простор со примена на стандардизацијата на НАТО при кризен менаџмент, заедничкиот интегриран систем ќе понуди и други поволности за нашата земја. Имено, интегрираниот воздушен и противвоздушен систем би можел да добие снимки од беспилотни летала што ги користи НАТО, а ги споделува со своите сојузници. При таквите експлоатации би можело да се истражи стратешки врв (кота) или стратешки значаен објект, па дури да се најде примена во бизнис-секторот за согледување на економски исплатлива зона. Понатаму, примена би можеле да најдат и во медицината, така што би се истражувала епидиомолошката слика на едно подрачје и би се изработила мапа на зарази или, пак, би се одределе места за изградба на подвижни амбулантни станици и слично. Тоа би можело да се направи со кој било производ за кој е потребна еколошка здрава и чиста вода, пристап до струја или за следење на илегалната сеча на дрва и регулирање на парцелите на кои се врши сеча и во кои има дозвола за сеча, објекти за сместување на диви животни, објекти за лов и риболов, поставување на хидролошки мерни станици, поставување на бензински пумпи, поставување хелидроми, спортски игралишта, противпожарни одделенија и други слични придобивки.[57] Сето тоа може да биде пресметано со едно добро и детално истражување со помош на нови и подобрени алатки што би ни биле достапни со влезот во НАТО. Добиените податоци можат да се користат за некои стручни анализи и симулации, со

52 NATO. *Air policing: securing NATO airspace*, 16.05.2018. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_132685.htm Пристапено на 24.10.2018 година.
53 Radio Free Euope. NATO, *Russia Drill Their Military Forces Amid Raised Tensions*, 13.09.2018. https://www.rferl.org/a/29487179.html. Пристапено на 24.10.2018 година.
54 Журнал. *Од јуни НАТО го чува небото над Црна Гора*, 30 мај 2018. http://www.zurnal.mk/content/?id=1853012302841. Пристапено на 24.10.2018 година.
55 Нетпрес. *НАТО во Албанија ќе ја има најважната база на западен Балкан*, август 2018. https://netpress.com.mk/nato-vo-albanija-ke-ja-ima-najvaznata-baza-na-zapaden-balkan/. Пристапено на 24.10.2018 година.
56 Гоцевски, Т. *Политичките и безбедносните услови во кои се формираше АРМ*. Современа македонска одбрана. 2012, стр. 36.
57 Чековиќ, Т. *Анализа на конкурентни хипотези за поставување на контролна точка со употреба на геопросторно разузнавање*. Магистерски труд, 2016, стр. 36.

софтвер за анализа врз основа на дигитални мапи и апликации[58]. Успешниот истражувачки процес ги обработува добиените податоци во филтрирани и прецизни истражувачки информации од НАТО што понатаму се доставуваат до сите други политички и воени претставници заради носење навремени и правилни одлуки. Како пример за сериозноста на овие процеси може да послужи минатогодишното искуство со заедничките вежби на Криволак на американската и македонската армија, кога беше изградена писта за слетување на беспилотни летала и дронови, што по вежбите остана на користење и ќе служи за потребите на АРМ.[59]

## 3.3 Управување со кризи:

## Минати искуства, стандарди на НАТО и очекувани придобивки во поглед на управување со кризи

Изразот управување со кризи или кризен менаџмент, иако не е од понов датум, во последната деценија на развитокот на современиот меѓународен систем доби нова димензија, проширувајќи го своето првично значење што е поврзано со процесот на одлучување.[60]

Управувањето со кризи е еден од најважните процеси во јавниот сектор[61]. За разлика од управувањето со ризик, што единствено прави процени на потенцијалните несреќи, управувањето со кризи опфаќа мерки за заштита од закани пред, за време и по настаните што се случиле, вештини и техники за управување, процени и разбирање на сериозните состојби, од нивната појава, па сè до последиците со кои можеме да се соочиме.

Современите воени дејства и одговорот на владините агенции при управувањето со кризи (како што се поплави, земјотреси и урагани), укажуваат на тоа дека е неопходно кај агенциите да се унапреди процесот на процени, одговор и одлуки. Воените, кризните и непредвидливите компоненти на културата, религијата, политичката идеологија и комплексните воени проблеми еволуираат во лошо структуриран проблем.[62] Подобрените информации и достапност би можело да се искористат во воени дејства, но и во услови на кризни состојби, односно по настанатите последици од некоја несреќа. Тоа најмногу може да послужи на тактичко ниво, каде што добиените податоци и слики можат да се прикажат со геофизички мапи и да се лоцираат потребните сегменти за мапирање.

Можностите на НАТО при одговор на несреќи и при други кризни состојби се од значително голем капацитет. НАТО користи интегрирана хардверска, софтверска база на податоци за собирање, управување, анализирање и прикажување на сите форми на географски референтни информации.[63] Поради тоа, формиран е заеднички штаб на операции наречен заеднички ИСР[64] на НАТО, што се залага за концептот „потребно да се сподели" повеќе од концептот „треба да се знае". Ова не значи дека сите сојузници автоматски ќе споделат сè, туку дека НАТО може да ги олесни процедурите и технологијата за промовирање на споделување, истовремено обезбедувајќи информации (т.е. заштита на податоци и мрежи). На овој начин, сојузниците можат да имаат сеопфатна слика за она што се случува во криза и носителите на одлуки од НАТО можат да направат добро информирани, навремени и точни одлуки.

58 Hutcins, Susan G., Pirolli, P. and Card, St. Use *of critical analysis method to conduct a cognitive task analysis of intelligence analysts*. Proceedings of the human factors and ergonomics society. Monterey: Palo Alto Research Center, 2003. Innovative GIS, 2003.
59 Стојанчева, П. Радио Слободна Европа. *Писта за дронови на Криволак*, 28.07.2018. https://www.slobodnaevropa.mk/a/28643727.html. Пристапено на 25.10.2018 година.
60 Подетално: во домашната едиција во Зборникот на трудови: *Управување со кризи во Република Македонија*, Скопје, Министерство за одбрана, 2005.
61 ASIS International, *Organizational Resilience: Security, Preparedness, and Continuity Management Systems-Requirements with Guidance for Use*, ASIS SPC.1-2009, AmericanNational Standard, 2009.
62 Clausewitz, von C. On War. Edited and translated by Michael Howard and Peter Paret. Princeton: Princeton University Press, 1976, rev. 1984.
63 ESRI. GIS.com. October 1, 2008. http://www.gis.com/whatisgis/. Пристапено во април 2016 година.
64 *Joint Intelligence, Surveillance and Reconnaissance*. 18 June 2018. https://www.nato.int/cps/en/natohq/topics_111830.htm.

Единиците на НАТО во последно време многу вложуваат во кризниот менаџмент. Стратегискиот концепт за 2010 година го прошири размислувањето на НАТО за управувањето со кризи, во кое се предвидува вклучување на НАТО во сите фази на кризата: „Затоа, НАТО ќе се ангажира, каде што е можно и кога е потребно, да ги спречи кризите, да управува со кризи, да ги стабилизира постконфликтните ситуации и да ја поддржи реконструкцијата“.[65]

Управувањето со кризи е една од основните безбедносни задачи на НАТО. Тоа може да вклучи воени и невоени мерки за решавање на целиот спектар на кризи – пред, за време и по конфликтите – како што е наведено во Стратешкиот концепт за 2010 година. Тоа е една од силните страни на НАТО базирано на искуства и тестирани постапки за управување со кризи и интегрирана воена командна структура.[66] Пристапот до технологијата на НАТО може да обезбеди да се одбележат критичните подрачја и да се поставaт соодветни сензори за детекција на поплави, пожар и слично.

Доколку патната инфраструктура ги оштети каналите за наводнување или ги попречи со шут, сигурно е дека при поголемо количество дожд може да дојде до поплава и до големи штети на објектите. Таков пример на штета имавме со поплавите во Скопје во август 2016 година, што резултираа и со големи штети и жртви.[67] Претставник на невладината организација „Легис“, која учествуваше во спроведување на хуманитарна мисија за доставување помош и расчистување на погодените подрачја ни потврди дека забележал присуство на трупи на НАТО кои учествуваат во давање помош. Но, постоеле тешкотии во координација помеѓу НАТО и другите спасувачки екипи, веројатно како резултат на неунифициран и неприспособен систем.[68] Полициски службеник кој живее во погоденото подрачје во околината на Стајковци – село погодено од поплавите, исто така потврди дека забележал трупи на НАТО во близина на неговата куќа кои дејствувале со хеликоптер по потекло од Бугарија од типот „црн јастреб“ (Black Hawk), но дека и тие имале отежната координација со спасувачките екипи на терен.[69]

Потврда дека трупи на НАТО учествувале во спасувачка мисија во погоденото подрачје во Скопје е ѝ благодарницата дадена од Општина Гази Баба до генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, во септември. Во благодарницата се вели дека по поплавите што на шести август 2016 година ги зафати селата Стајковци и Црешево и во кои загинаа 23 лица, војници и опрема на НАТО беа ангажирани во санирање на штетите и надминување на последиците.[70] Забележливо е дека за оваа информација нема онлајн-извори и воопшто во тоа време граѓаните не беа запознаени со помошта што ја даваше НАТО.

Алијансата, исто така, ја формираше Евроатлантската единица за одговор при катастрофи, што е нестандардна, мултинационална комбинација на национални граѓански и воени елементи, што се волонтирани од страна на земјите-членки или земјите-партнери за распоредување во зоната на загриженост.[71] ЕАДРЦЦ ја координираше помошта во поплавените земји, вклучувајќи ги и Албанија, Босна и Херцеговина, Чешка, Унгарија, Романија и Украина. Таа го поддржа високиот комесар ОН за бегалци на ООН на Косово, но и помогна да се координира помошта што беше испратена до погодените

65 *Strategic Concept For the Defence and Security of The Members of the North Atlantic Treaty Organisation.* Active Engagement, Modern Defence. 2010. https://www.nato.int/lisbon2010/strategic-concept-2010-eng.pdf.

66 Crisis management. NATO. https://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_49192.htm. Пристапено на 10.10.2018 година.

67 *Над 800 громови и молњи удрија во Скопје*. Нова ТВ, Скопје, 6 август 2016. http://novatv.mk/nad-800-gromovi-i-molni-udrija-vo-skopje/ Пристапено на 10.10. 2018 година.

68 Интервју со невладината организација „Легис“, објавен на ден 04.10.2018 година. Претставникот на „Легис“, Јасмин Реџепи, се согласи дека стандардите што ќе ги воведе НАТО ќе помогнат да се санираат полесно последиците од несреќи, но забелешка е дека главниот проблем може да дојде поради несоодветна примена на стандардни операции и различни комуникациски нивоа што би биле пречка како за владините, така и за невладините организации.

69 Неврзаното интервју било извршено на ден 08.10.2018 година со полициски службеник вработен во Регионален центар – Север.

70 *Столтенберг во Стајковци ќе добие благодарница за помошта на НАТО по поплавите град Скопје ќе именува улица по неговиот татко*. 6 септември 2018. Сакам да кажам (СДК).
https://sdk.mk/index.php/makedonija/stoltenberg-vo-stajkovtsi-ke-dobie-blagodarnitsa-za-pomoshta-na-nato-po-poplavite-grad-skopje-ke-imenuva-ulitsa-po-negoviot-tatko. Пристапено на 09.10.2018 година.

71 Jochems, M. *NATO's growing humanitarian role*, 2006. https://www.nato.int/docu/review/2006/operation-old-new/growing_humanitarian_role/EN/index.htm.

во земјотресите во Турција и во Пакистан, помогна да се бори против пожарите во Македонија и во Португалија, а ги поддржа Украина и Молдавија откако екстремните временски услови ги уништија капацитетите за пренос на електрична енергија.[72]

Во Македонија кризниот менаџмент во последно време го добива потребното внимание. Според кажувањето на проф. д-р Југослав Ачковски, доцент на Воената академија „Михајло Апостолски", „Воената академија во последно време многу вложува во тој правец и од таа причина оформена е посебна катедра за кризен менаџмент и заштита и спасување од несреќи, како што се пожари, поплави и друго".[73] Членството во НАТО може да обезбеди напредок на воените сили, логистичко снабдување, инфраструктура, вооружување, како и соодветни стандарди, меѓу кои е и стандардот со управување со кризна и безбедносна состојба.[74] Тоа подразбира заедничко оперативно планирање и мултинационални формации; поставување на заеднички штабови и команди; интегриран систем на воздушна одбрана; рамнотежа на улогите и обврските на сојузниците; стационирање и распоредување на сили надвор од домашната територија, кога има потреба за тоа; стратешки планови, вклучувајќи и планирање за кризен менаџмент и зајакнување на заедничките стандарди и процедури за опремата, обуката и логистиката; здружени и комбинирани доктрини и вежби, кога тоа е соодветно; и инфраструктура, вооружување и логистичка соработка.[75]

72 *Crisis management. NATO and disaster relief operations.* 27 Feb. 2018. https://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_49192.htm.
73 Интервјуто со потполковник Југослав Ачковски е извршено на ден 21.10.2018 година.
74 *Интервју со министерот за одбрана Радмила Шекеринска.* Февруари 2018. Штит, број 100. http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2018/02/100-Shtit-mak.pdf.
75 *Прирачник за НАТО.* 2001 година. Office of Information and Press NATO-1110, Brussels, Belgium, стр. 55. http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/NATO.pdf.

# 4. Глобален индекс на мирот: Подобрување на (севкупната слика за) безбедноста на земјата

Колку некоја појава вистински влијае врз безбедноста зависи од индикаторите што укажуваат на загрозеност во едно општество. Глобалниот индекс на мирот (ГПИ) ја анализира и ја мери релативната позиција на мирот на државите и на регионите[76]. ГПИ може да се искористи за добивање на подобар преглед на безбедносните импликации со кои се соочува Македонија, како и да се провери колку една држава напредувала со текот на времето кон безбедност и просперитет.

ГПИ се состои од 23 индикатори[77] за постоење отсуство или страв од насилство, првично изработени во 2007 година и редовно ажурираниот индекс се издава секоја година во Лондон и Вашингтон; и во Секретаријатот на Обединетите нации во Њујорк[78]. Индикаторите се поделени како на внатрешно, така и надворешно ниво на една земја.[79] Поголем скор значи отстапување и нестабилност настаната од различни фактори, односно колку е повисока вредноста, толку е полоша состојбата во една земја.

Табела 1 Глобален индекс на мирот (ГПИ) на Република Македонија[80]

| Датум | Глобален индекс на мирот | Глобално мировно рангирање |
|---|---|---|
| 2008 | 1.963 | 76 |
| 2009 | 2.052 | 86 |
| 2010 | 2.015 | 79 |
| 2011 | 1.971 | 71 |
| 2012 | 1.972 | 72 |
| 2013 | 2.044 | 79 |
| 2014 | 2.056 | 87 |
| 2015 | 1.944 | 71 |
| 2016 | 2.092 | 94 |
| 2017 | 2.133 | 102 |
| 2018 | 2.058 | 87 |

76 *Institute for Economics and Peace*. Global Peace Index 2017 (PDF). visionofhumanity.org.

77 Тип индикатори се: број на смртни случаи од надворешен организиран конфликт и случаи од внатрешен организиран конфликт, времетраење и улога во надворешни конфликти, интензитет на организиран внатрешен конфликт, односи со соседните земји, ниво на перципиран криминал во општеството, број на бегалци и раселени лица како процент од населението, политичка нестабилност, влијание на тероризмот, политички терор, број на убиства на 100.000 луѓе, ниво на насилен криминал, веројатноста за насилни демонстрации, број на затворени лица на 100.000 лица, број на службеници за внатрешна безбедност и полиција на 100.000 луѓе, воените трошоци како процент од БДП, број на вооружени служби на 100.000, обем на трансфери на големо конвенционално оружје како примач (увоз) на 100.000 луѓе, обем на трансфери на големо конвенционално оружје како снабдувач (извоз) на 100.000 луѓе, финансиски придонес во мировните мисии на ОН, нуклеарна и способност за тешки оружја,олеснување на пристапот до лесно оружје.

78 Wang, M. *The World's Most And Least Peaceful Countries In 2016*. Forbes. Пристапено на 10.10.2018 година.

79 *Global Peace Index*. 2018 година. https://countryeconomy.com/demography/global-peace-index. Пристапено на 11.10.2018 година.

80 *Global Peace Index*. 2018 година. https://countryeconomy.com/demography/global-peace-index/macedonia. Пристапено на 11.10.2018 година.

Слика 1 Проекција на глобален индекс на мирот (ГПИ) на Република Македонија и очекуваниот експоненцијален пораст




Иако забележуваме подобрување за 2018 година, постои влошување на безбедносните и политичките состојби во последните десет години, како и на сеопштата благосостојба на државата. Тоа е особено видливо во 2017 година по настаните од 27 април, во кои голем број лица се гонат поради терористичко здружување.[81] Но, нерасчистувањето со овие настани ја прави поголема веројатноста за појавата на слични кризи. Всушност, наназад гледано, целосното загрозување на безбедноста во Македонија почна со нападот на караулата Гошинце и акцијата на полицијата на Диво Насеље во 2015 година по што, иако во состојба на релативен мир, Македонија проаѓа низ политичка криза предизвикана од процесите поврзани со договорот со Грција и нефункционалната кохабитација. Овој надолен тренд би требало да се спречи штом се стабилизира политичката криза во која се наоѓа земјата. Пресвртот би требало да се случи поради општата поддршка што ја ужива Преспанскиот договор од меѓународната заедница, Европската Унија, членките на НАТО, поголемиот дел од политички субјекти во земјата, академската заедница, меѓу кои и МАНУ, како дел од стабилизациските политики што ги води Р. Македонија за членство кон ЕУ и НАТО.[82, 83]

ГПИ содржи рангирање и за сите земји-членки на НАТО. Откако Албанија влезе во НАТО, ГПИ ја смета за една од најбезбедните земји во Западниот Балкан. ГПИ исто така забележа и подобрување на доброто функционирање на Владата и намалувањето на нивото на корупција. Од друга страна, во овој извештај се вели дека деловната клима во Албанија се влошила за 13%, добрососедските односи се влошија за 7% и слободниот проток на информации се влоши за 3,2%. Во меѓувреме беше објавено дека трошоците поради насилствата во Албанија опфаќаат 6,9% од бруто домашниот производ или 2.444 милиони американски долари.[84]

Според Извештајот на ГПИ за 2018 година седум од осумте најголеми подобрувања беа во источна Европа: Македонија, Црна Гора, Словачка, Албанија, Хрватска и Романија. Освен Романија, сите забележаа подобрувања во безбедноста и сигурноста; и освен Црна Гора, сите доживеале пад во опасност од надворешниот конфликт. Повеќето од овие земји споделија подобрувања во двете нивоа на политички тероризам и надворешни конфликти.

81 Една година по 27 април се знае дека нападот на собранието бил организиран, но не се знаат организаторите. Сакам да кажам. 27 април 2018. https://sdk.mk/index.php/makedonija/edna-godina-po-27-april-se-znae-deka-napadot-na-sobranieto-bil-organiziran-no-ne-se-znaat-organizatorite/. Пристапено на 7 октомври 2018 година.
82 *Хан: Широка поддршка за Преспанскиот договор*. МКД. https://www.mkd.mk/makedonija/politika/han-shiroka-poddrshka-za-prespanski-ot-dogovor. Пристапено на 23.11.2018 година.
83 *Фити: Договорот со Грција е важен и добар, постигнато е она што беше релевантно за МАНУ*. Прес 24. https://press24.mk/fiti-dogovorot-so-grcija-e-vazhen-i-dobar-postignato-e-ona-shto-beshe-relevantno-za-manu. Пристапено на 23.11.2018 година.
84 Kurani, E. Independent Balkan News Agency. *Global Index of Peace: Albania is one of the most peaceful countries of Western Balkans*, 19.06.2017. https://www.balkaneu.com/global-index-of-peace-albania-is-one-of-the-most-peaceful-countries-of-western-balkans. Пристапено на 11.10.2018 година.

Слика 2 Земји што последни пристапиле во НАТО (2004-2017) и нивното ГПИ глобално позиционирање во 2018 година




Земја што е рангирана како најмирна во светот е Исланд, по што следуваат земји како Нов Зеланд, Португалија, Австрија и Данска. Глобалниот индекс на мирот во 2018[85] година открива дека мирот има значително влијание врз макроекономските перформанси. Во последните 70 години, порастот по глава на жител е трипати поголем во многу помирољубивите земји, кога се споредува со земјите со релативно ниско ниво на мир. Разликата е уште посилна кога се гледаат промени во мирот, при што извештајот откри дека порастот на БДП по глава на жител е до седум пати поголем во последната деценија во земјите што се подобрија во мир, наспроти оние што се влошија.

Слика 3 Рангирањето на земји-членки на НАТО во Европа според ГПИ




Рангирањето на земјите-членки на НАТО во Европа во последните десет години на ГПИ е дадено на сликата број 3. Индиректен показател за придобивката од членството НАТО е и фактот што меѓу првите 30 земји во свет со најдобар мировен индекс, половината се земји-членки на НАТО.[86]

85 *Global Peace Index*. 2018. http://visionofhumanity.org/app/uploads/2018/06/Global-Peace-Index-2018-2.pdf.
86 Knoema. *Global Peace Index (GPI)*, 2018. https://knoema.com/GPIR2018Jul/global-peace-index-gpi-2018?country. Пристапено на 26.10.2018 година.

Од погоредискутираното, може да се заклучи дека придобивката на безбедносниот аспект од вклучување на нашата земја во НАТО може да го следи трендот што го имаат европските земји-членки на НАТО. Трендот на земји што неодамна пристапиле во НАТО во многу области ги задоволуваат критериумите за безбедни земји во рамките на индексот на ГПИ-позиционирањето. Индикаторите како перцепција на криминалот, пристап до оружје, насилни демонстрации, интензитет на внатрешен конфликт, политичка стабилност, односи со соседните земји и друго, се индекси што критично влијаат врз ГПИ на Македонија.[87] Со намалувањето на индикаторите и ризиците што се сметаат како неповолни би придонело за поповолна безбедносна, економска и политичка клима во Македонија.

87 Индикаторите јасно можат да се забележат дека влијаат негативно врз севкупното рангирање на Македонија на следниот линк: http://maps.visionofhumanity.org/#page/indexes/global-peace-index/2018/MKD/OVER.

# 5. Потенцијални ризици од безбедносен и геостратешки аспект

Овој дел се фокусира на два клучни потенцијални ризика и како нивното решавање или менаџирање може да биде олеснето од пристапувањето кон НАТО.

## 5.1 Стабилност на границите:

### Косовското безбедносно прашање и членството во НАТО

Потребно е да се нагласи дека заканите што се јавуваат во Македонија настануваат поради големиот број ризици. Ова особено важи за северната граница на Македонија, што граничи со Косово, и нерешените проблеми што Македонија ги има со соседите, како што се прашањето на името и потребата од воспоставување на добри меѓусоседски односи поради подобрување на индикатори што укажуваат на влошување на безбедноста.[88] Нерешеното прашање помеѓу Р. Косово и Р. Србија и повторната можност за прекројување на границите на Балканот може силно да се одрази и врз Македонија.[89] Според неодамнешните истражувања, голем број граѓани во Македонија стравуваат од нови можни прекројувања на границите и можна размена на територии.[90] Дури и националниот координатор за НАТО, Стево Пендаровски, истакна дека ако се менуваат границите на соседните држави можно е колатерална штета да биде Македонија.[91]

Последниот напад во Куманово и загрозувањето на внатрешната безбедност на Македонија беше директна последица на напад од лица со потекло од Косово. Методологијата на „патот на зависност“ повторно го предвиде патот по којшто се движат безбедносните проблеми. Најголем број од обвинетите, косовски државјани, ѝ се предадоа на полицијата по целодневното пукање на деветти мај 2015 година, а македонските државјани, како нивна логистика, беа уапсени дополнително. Во нападот во Куманово загинаа осум македонски полицајци и десет припадници на вооружената група.[92]

За потребите на ова истражување беше разговарано со главниот инспектор за гранични работи, Коле Божиновски, кој многу години служел на граничното подрачје со Косово како командир на инженерискиот баталјон на АРМ, а потоа и како главен инспектор за надзор на северната граница и добро му се познати проблемите и предизвиците со кои се соочуваше и може да се соочува Македонија во следниот период.[93] Тој смета дека настаните од 2001 година, како и кумановските настани, што, според него, се и политички настани што директно влијаат врз безбедносните аспекти. Тој ни предочи дека поделеноста по политичка и националната основа помеѓу граѓаните може да претставува иницијална каписла за следна безбедносна криза. Поврзаноста на албанското население

---

88 Еден од индикаторите на ГПИ е и квалитативната процена за врските со соседните земји. Оценките се од 1 до 5, а Македонија е оценета со оценка 3. http://maps.visionofhumanity.org/#page/indexes/global-peace-index/2018/MKD/OVER.

89 *Прекројувањето граници меѓу конечен мир и балкански вирус*. Радио Слободна Европа, 1 септември 2018 година. https://www.slobodnaevropa.mk/a/29461538.html. Пристапено на 10.10.2018 година.

90 Николовска, Б. *Македонците стравуваат од прекројување на границите и размена на територии меѓу Србија и Косово*, Телма. https://telma.com.mk/makedontsite-stravuvaat-od-prekrojuvane-na-granitsite-i-razmena-na-teritorii-megu-srbija-i-kosovo/. Пристапено на 22.11.2018 година.

91 Ибид.

92 Димовски, С. *Кои се обвинетите од „Диво насеље“*. 2016. http://prizma.birn.eu.com.мк/стории/кои-се-обвинетите-од-диво-насеље. Пристапено на 10.10.2018 година.

93 Интервјуто е направено на 20.10.2018 година во една од просториите на РЦ за ГР Север при МВР.

од двете страни на границата што, освен што е национално и верско, тоа е и фамилијарно, што во одреден момент изгледа и многу позитивно, но од друга страна при дестабилизација може да дозволи вмешување и на криминално-терористички групи, што е деструктивно за безбедноста на границата. Слично мислење има и командирот на ПС за ГН Танушевци[94] и воедно поранешен командир на ПС за ГН Блаце, кој ни рече дека влегувањето во НАТО сигурно ќе ја зголеми безбедноста на границата. Тој ни наспомена дека во соседната држава, Косово, надлежни служби за обезбедување на зелената граница се единиците на КПС, а поретко и КФОР, кои се сместени во базата „Бондстил" и тие ја имаат мисијата за обезбедување на внатрешноста, а по потреба и државната граница. И двајцата долгогодишни безбедносни експерти и претставници на МВР сметаат дека со влегувањето во НАТО ќе ги смири тензиите што се јавуваат поради најавените можни размени на територии помеѓу соседното Косово и Србија и позитивно ќе влијае не само на внатрешен план туку и во соседството.

Безбедносна анализа во врска со Косово и опасностите што можат да се појават беше дискутирана и на фокус-групата составена од полициски службеници од ПС за ГН Танушевци и ПС за ГН Белановце.[95] Резултатот од дискусијата укажува дека повеќето полициски службеници од албанска националност не гледаат проблем и можни провокации од страна на Косово, во случај Македонија да не стане членка на НАТО. Од друга страна, полициските службеници од македонска националност не гледаат опасност од руско влијание. За разлика од своите колеги Македонци, сите полициски службеници Албанци наведуваат дека стравуваат од руско влијание и дека поради тоа е потребен поскорешен влез во НАТО. Воедно, сите признаваат дека некои лица кои можат да бидат безбедносно ризични, бидејќи учествувале во воениот конфликт 2001 година, можат повторно да организираат вооружени групи и да претставуваат закана за безбедноста поради политичката состојба во регионот.[96] Впрочем, сметаат дека единствен пат кон мир и благосостојба го гледаат преку влез во ЕУ и НАТО, а сè поинакво може да води кон нестабилност. И македонските и албанските полициски службеници сметаат дека граѓаните, па и полициските службеници не се доволно запознаени со придобивката што ја дава интеграцијата во НАТО. Никој од нив не учествувал и не е запознаен со некој проект на НАТО, но сметаат дека стандардите што ќе ги воведе интеграцијата во НАТО можат да влијаат позитивно во однос на безбедноста, технологијата и економски развој на земјата, поучени од искуството од земјите во соседството (Бугарија и Албанија).

Од фокус-групите и интервјуата може да се заклучи дека, доколку не влезе во НАТО, Македонија ќе има далекосежни последици по безбедноста на државната граница и суверенитетот; има сериозен потенцијал да прерасне во закана по безбедноста на граѓаните, па дури и до посериозни инциденти, што може директно да влијае врз напредокот на општеството. Сите субјекти се сложни дека единствен одговор на кој било предизвик по безбедноста, и во минатото и во сегашноста, е влез во НАТО, што успешно може да ги менаџира идните безбедносно-политички импликации со позитивен исход за Република Македонија.

---

94 Командир на ПС за ГН Танушевци Ацо Дацев. Интервјуто е извршено на 10.10.2018 година.

95 Фокус-групата од ПС за ГН Танушевци беше организирана на 05.10.2018 година, додека фокус-групата од ПС за ГН Белановце беше организирана на 14.10.2018 година. Првата група беше составена од шест полициски службеници со мешан национален состав, тројца Албанци и тројца Македонци. Втората фокус-група од ПС за ГН Белановце исто така со мешан состав од пет полициски службеници, составена од тројца Албанци и двајца Македонци. Полициските службеници во ПС за ГН Танушевци беа од Скопје со просечен стаж на служба од над 15 години, додека полициските службеници од ПС за ГН Белановце беа со потекло од Куманово и Кумановско со просечен стаж на активна служба од десет години. Сите службеници на овој или на оној начин учествувале во конфликтни безбедносни ситуации и добро се запознаени со некои импликации. За групите беше организиран прашалник составен од 13 прашања во поглед на безбедноста и пристапувањето во НАТО.

96 Вооружени групи во реонот на с. Танушевци и с. Брест и липковскиот крај и по завршувањето на конфликтот оперираа догледен временски период. Пример е веста: „Загина еден полицаец, двајца се ранети", октомври 25, 2007. РСЕ. https://www.slobodnaevropa.mk/a/1484974.html. Пристапено на 27.10.2018 година.

## 5.2 Развој на миграцијата:
## „Мигрантската криза“ и нејзините последици за Република Македонија

Најновата закана со илегалната и нерегуларна миграција е актуелна и на јужната граница со Грција, каде што беше воведена и вонредна состојба.[97] Во 2015 година, Македонија беше зафатена од бегалската криза, а и сега е една земјите низ кои транзитираа голем број мигранти и бегалци од Блискиот Исток и од Северна Африка. Следните години ќе бидат клучни за иднината на Македонија и за соседните земји (Србија, Бугарија и Грција), бидејќи поголемиот дел од европските земји ги затворија границите за илегалните мигранти. Затворањето на границите создаде тесни грла во неколку точки, а една од особено ризичните точки е граничната област помеѓу Грција и Македонија. Грција, исто така, беше принудена да го прифати распоредувањето на граничната полиција на ЕУ, за да се спречи мигрантите од Северна Грција да ја преминуваат границата.

Во 2012 година, Грција подигна ограда на границата со Турција и ги принуди мигрантите да се префрлаат со чамци и бродови од Турција, во близина на грчките острови. Мигрантите, исто така, се обидоа да најдат пат од Бугарија, во 2014 година, а Бугарија постави ограда кон Турција, така што на мигрантите единствено им остана патот кон Македонија. Само во септември 2015 година, 156.000 мигранти поминаа преку северот на Грција и Македонија. Од нив, 66% беа од Сирија, 21% од Авганистан, а другите од Ирак, Иран, Бангладеш, Индија и од Пакистан.

Мигрантската криза предизвика најголем притисок на македонските граници во текот на 2015 година. Неконтролираните бранови мигранти, кои во текот на летниот период достигнуваа од 5.000 до 10.000 лица на ден на јужната граница ја издигнаа потребата од активирање на системот на кризен менаџмент во Република Македонија. Преминувањето на повеќе од половина милион лица низ територијата на земјава неминовно влијае на зголемување на безбедносните ризици, и тоа не само на илегална миграција туку и шверц, користење на рутата за транспорт на лица со намера да извршат терористички напади на европска почва, како и превоз на борци-повратници од боиштата во Сирија и Ирак. Македонските власти поради овие причини и заради полесен транзит на овие лица низ македонска територија, водејќи се од хуман аспект издадоа документ што им овозможува на бегалците транзит за 72 часа. Како одговор на тоа, Унгарија, Словенија и Хрватска почнаа да градат нови огради што ги принудија мигрантите да ги променат правците, но исто така, и начинот на кој тие ќе влезат во земјите, бидејќи нивната крајна дестинација се земјите како Германија или Шведска. Македонската граница е една од главните точки за движење на мигрантските рути и одбивање на лажните баратели на азил (слика 11).

Слика 4 Мигрантски рути на Балканот во 2015 година




97 *Агенција за разузнавање*. https://ia.gov.mk/ekot.html. Пристапено на 06.10.2018 година.

Неколку земји побараа од НАТО да помага околу бегалците кои го минуваат Егејското Море од Турција кон Грција. Тоа беше првпат Алијансата да биде инволвирана во справувањето со европската мигрантска и бегалска криза.[98] Поголемата функционалност и опременост ќе ја олесни работата на сите органи, времетраењето на контролата, регулирањето на сите потребни документи и олеснувањето на транспортот и преминот на стоки и луѓе. Соодветната инфраструктура може да ја подобри состојбата на престој кај мигрантите и тие да имаат поефикасен, подобар и стандардизиран пристап соодветно распределен во камповите каде што би биле сместени.[99] Стандардите што ги воведува НАТО и добро контролираното и интегрирано гранично управување е клуч на успехот за добро управување на границата. Со тоа активно би се намалила бројката на илегални мигранти и ризични групи илегалци, кои, освен демографскиот, социјалниот, економскиот, би го довеле и безбедносниот проблем во прв план. Последиците од слабо контролираниот влез би биле несогледливи и би предизвикале криза не само во нашата земја туку и пошироко на Балканот.

98 Радио Слободна Европа, 2016. https://www.slobodnaevropa.mk/a/27544743.html. Пристапено на 06.10.2018 година.

99 Интервју со невладината организација „Легис“, направено на ден 04.10.2018 година. Претставникот на „Легис“, Јасмин Реџепи, се согласи дека стандардите што ќе ги воведе НАТО ќе помогнат бегалците поорганизирано да добијат тоа што им следува, но дека секуратизацијата е нешто на што се спротивставуваат, односно дека обезбедувањето на границата треба да биде стриктно работа на граничната полиција, но не и на армијата.

# 6. Заклучок

Изградбата на современ, ажурен, ефикасен и интегриран систем што ги применува сите најнови технолошки достигнувања и правилен методолошки пристап може да придонесе за јакнење и зголемување на безбедноста на државната граница, но и на меѓуинституционалната и меѓународна соработка. Заштитата на безбедноста и мирот се едни од најважните причини поради кои Македонија треба да стапи во сојуз со други посилни држави и да ги црпи економските и безбедносните придобивки.

Можностите што ги нуди овој сојуз се повеќедимензионални и опфаќаат придобивки од аспект на безбедност, воен развој, управување за време на криза и економски план. При влезот на Македонија во НАТО, во земјата ќе се воведат најмодерни воени стандарди што ќе дадат придонес на воен план и зацврстување на безбедноста, а исто така ќе даде придонес и на економски план преку достапноста на високата технологија од страна на развиени земји-членки на НАТО. Земјата постепено ќе станува побезбедна, а со тоа ќе претставува сигурна почва за идно инвестирање и развивање на економијата. Глобалниот индекс на мировно рангирање, како корисна и методолошки издржана алатка за пресметка на безбедносен ризик на земјите, јасно покажува дека 15 земји-членки на НАТО се помеѓу првите 30 најдобро рангирани во светот според ГПИ.

За остварување на подобри ГПИ-резултати, потребен е побрз влез во НАТО, воспоставување стандарди на НАТО, намалување на корупцијата, транспарентност, развивање на логистички армиски капацитетите заради поддршка на трупите на НАТО, оформување на невладино тело што ќе помогне во приближувањето на НАТО-придобивките до граѓаните, вложување во обука и едукација на луѓе кои ќе воспостават НАТО-процедури и активирање на други агенции и дирекции, како што е Дирекцијата на заштита и спасување и Граничната полиција, учество на поголем број НАТО-проекти и на академската заедница и пристап до нив.

# ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

## ПУБЛИКАЦИИ


1. Active Engagement, Modern Defence, Strategic Concept for the Defence and Security of the Members of the North Atlantic Treaty Organization adopted by Heads of State and Government in Lisbon, NATO-OTAN, 2010.
2. ASIS International, 2009. Organizational Resilience: Security, Preparedness, and Continuity Management Systems-Requirements with Guidance for Use, ASIS SPC.1-2009, American National Standard, American Intelligence Journal, 38-40.
3. Clausewitz, von C. On War. Edited and translated by Michael Howard and Peter Paret. Princeton: Princeton University Press, 1976, rev. 1984.
4. Fischer, R. & Hanke, K. 2009. Are Societal Values Linked to Global Peace and Conflict, Peace and Conflict: Journal of Peace Psychology, 15:3, 227-248, DOI: 10.1080/10781910902993959.
5. Heuer Jr, R. J. 2005. Improving Intelligence Analysis with ACH.
6. Marrin, S. 2007. Intelligence analysis theory: Explaining and predicting analytic responsibilities. Intelligence and National Security 22, no. 6, 821-846.
7. Pirolli, P. E. 2004. Evaluation of a computer support tool for analysis of competing hypotheses. Palo Alto, CA: Palo Alto Research Center.
8. Solana, J. 1999. The Washington summit: A new NATO for the next century, The International Spectator, 34:2, 37-42, DOI: 10.1080/03932729908456860.
9. Бакревски, Ол. Придвижувањето на Република Македонија кон НАТО и потребата за координација на активностите на национално ниво. Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии – Скопје. 2004. Современа македонска одбрана, бр. 8.
10. Гоцевски Тр. Основи на системот на национална одбрана, 2006.
11. Гоцевски, Тр. Политичките и безбедносните услови во кои се формираше АРМ. Современа македонска одбрана.
12. Зборникот на трудови: Управување со кризи во Република Македонија, Скопје, Министерство за одбрана, 2005.
13. Мојаноски, Т. Ц. Методологија на безбедносните науки – основи, Книга I, Факултет за безбедност, Скопје, 2013, стр. 423-431.
14. Никодиновски Б., Регионална воена географија – книга втора, Нико-трејд, Скопје, 1999.
15. Ружин, Н. НАТО во современите меѓународни односи, 2010.
16. Современа македонска одбрана – Министерство за одбрана. http://morm.gov.mk/?page_id=13389&lang=mk.
17. Талевски Ј., Воена географија, Воена академија „Генерал Михаило“, 2003.
18. Чековиќ. Т. Анализа на конкурентни хипотези за поставување на контролна точка со употреба на геопросторно разузнавање. Магистерски труд, 2016.
19. Штит – Министерство за одбрана. http://morm.gov.mk/?page_id=2640&lang=mk.

## ПРИРАЧНИЦИ

20. NATO logistic Handbook, Brussels, 2012.
21. NATO STANAG (Различни верзии).
22. NATO Standard Priority System (SPS) Study, 2013.
23. NATO Summit Guide, Brussels, 2018. https://www.nato.int/nato_static_fl2014/assets/pdf/pdf_2018_07/20180718_180711-summit-guide-brussels.pdf.
24. NATO's Public Diplomacy Division, (2006) NATO Handbook, 2006.
25. НАТО прирачник, 50-то издание, Office of Information press, NATO-1110 Brussels, Belgium, 1998.
26. НАТО прирачник. Office of Information and Press NATO-1110 Brussels, Belgium, 2001.

## ДОКУМЕНТИ

27. Sollenberg, M. & Melander, E., Patterns of organized violence, 2007-16, SIPRI Yearbook, 2017.
28. Wales Summit Declaration. 05 Sep. 2014.
29. https://www.nato.int/cps/ic/natohq/official_texts_112964.htm.
30. Годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО за 2017-2018 година. http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/2018/01/GNPC-2017-2018-mk.pdf.
31. Национална стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија, Влада на Република Македонија, Скопје, 2004.
32. Одлука на Собранието за стапување на Република Македонија во членство во НАТО, 23.12.1993, Скопје.
33. http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/nacionalni_dokumenti_odluka_za_clenstvo.pdf.
34. Резолуција за развој и трансформација на одбраната. 26.05.2006. Кибер безбедност на Република Македонија 2018-2022.
35. Стратегиски одбранбен преглед 2018 на Република Македонија.

## ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦИ

36. Global Peace Index. 2018 https://countryeconomy.com/demography/global-peace-index
37. http://visionofhumanity.org
38. http://www.nato.int
39. https://carnegieendowment.org

## ИНТЕРВЈУА И ФОКУС-ГРУПИ

40. Интервју со проф. д-р Михајло Јакубович. Експерт за областа Крим, вонреден професор на Националниот универзитет на академијата „Острох“, Украина. Интервјуто е извршено на 07.10.2018 година.
41. Интервјуто со потполковник Југослав Ачковски, професор на Воената академија „Михаило Апостолски“ е извршено на ден 21.10.2018 година.
42. Интервјуто со главниот инспектор Коле Божиновски при РЦ за ГР Север е направено на 20.10.2018 година.
43. Интервјуто со командирот на ПС за ГН Танушевци Ацо Дацев е извршено на 10.10.2018 година.
44. Интервју со претставникот на невладина организација „Легис“ направено на ден 04.10.2018 година.
45. Интервју со полициски службеник од РЦ за ГР Север на 08.10.2018 година.
46. Интервју со полковник вработен во ГШ на АРМ на ден 04.10.2018 година.
47. Интервју со референт за логистика при Министерство за одбрана на ден 20.10.2018 година.
48. Интервју со вработен во подрачна единица – Гази Баба во Центарот за управување со кризи (ЦУК) на 18.10.2018 година.
49. Фокус-групата од ПС за ГН Танушевци беше организирана на 05.10.2018 година, додека фокус-групата од ПС за ГН Белановце беше организирана на 14.10.2018 година.